## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење) и со folijarна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

24% Цинк хелат со 10% амониум нитрат се препорачува за примена на почетокот на вегетацијата и во фазата на формирање на лисната маса кај земјоделските култури. 24% Цинк хелат со 10% амониум нитрат може да се применува и во другите фази на раст и развиток на земјоделските култури бидејќи содржи и азот како хранлива материја, поради што може да се користи и за редовно ѓубрење.

Со апликацијата на 24% Цинк хелат со 10% амониум нитрат се спречува формирање мали абнормални лисја, се подобрува целиот пораст на растението, што резултира со правилен развој на растенијата, односно со давање стабилни и квалитетни приноси.

Се препорачува 24% Цинк хелат со 10% амониум нитрат да се аплицира со водата за наводнување. Во случај кога не се применуваат техники на микронаводнување, се препорачува фолијарна апликација.

Кај градинарските и кај полјоделските култури се препорачува да се започне со фолијарна апликација веднаш штом посевите добијат доволно лисна маса за апсорпција на растворот, додека кај виновата лоза и кај овошните насади се препорачува апликација за време на вегетативниот циклус, меѓутоа за време на цветањето и непосредно пред бербата пожелно е да не се врши прскање. Најдобар ефект се постигнува со комбинација на системот за микронаводнување и фолијарна апликација.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Почеток на вегетацијата, до фаза на масовно цветање и плодоносење | 2-3 апликации | 1,5 l ѓубриво со најмалку 3000 l вода |
| Полјоделски култури | Во тек на вегетацијата (веднаш штом дозволат условите за аплицирање вода) | 2-3 апликации | 1,5 l ѓубриво со најмалку 2000-3000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Веднаш штом дозволат условите за аплицирање вода, сè до средина на фазата пораст на плод-зрно | 2-3 апликации | 2 l ѓубриво со најмалку 3000-4000 l вода |

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 $m^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Почеток на вегетацијата, до фаза на масовно цветање | 2 апликации на 10-14 дена | 200 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Полјоделски култури | Почеток на вегетација | 2 апликации на 10-14 дена | 200 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури | По отворање на пупките | 1-2 апликации на 10-14 дена | 250 ml ѓубриво со 100 l вода |
| | По берба, пред опаѓање на лисјата | 1 апликација | |
| Винова лоза | По отворање на пупките, сѐ до средина на фазата пораст на зрно | 2-3 апликации | 200 ml ѓубриво со 100 l вода |

Ефектот од фолијарната апликација е подобар во раните утрински или во вечерните часови.

**НАПОМЕНА**
Во растворите за фертиригација може да се меша со повеќето ѓубрива, освен со ѓубривата кои имаат силна кисела и алкална реакција. Не се препорачува да се меша во ист резервоар со раствори од калциум амониум нитрат и со калциум нитрат. Може да се употребува поединечно или во комбинација со многу пестициди, меѓутоа пред секоја употреба неопходно е да се прочита упатството на производителот на средствата за заштита. Не смее да се меша со бордовска чорба и со други силни алкални средства за заштита.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
2 години.

| СОСТАВ | |
|---|---|
| Цинк (Zn) | (4,0 ± 0,3) % |
| $Zn(NH_4)_2EDTA$ | (22,0 ± 1,0) % |
| $NH_4NO_3$ | (9,7 ± 0,7) % |